# ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД СКОПЈЕ

Акционерско Друштво за осигурување
ГРАВЕ НЕЖИВОТ СКОПЈЕ
Бр. 0202 - 28/32
05. 12. 2019 год.
Скопје

# УСЛОВИ
# ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ЕЛЕКТРОНСКИ СМЕТАЧИ, ПРОЦЕСОРИ И СЛИЧНИ УРЕДИ

**Скопје, декември 2019 година**

Усвоена со одлука на Управен одбор број 28/31 од 05.12.2019 година

## УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ЕЛЕКТРОНСКИ СМЕТАЧИ, ПРОЦЕСОРИ И СЛИЧНИ УРЕДИ

1. Склучените осигурувања по тарифна група А имаат осигурително покритие по Условите за осигурување од пожар и некои други опасности, Условите за осигурување машини од кршење и некои други опасности и Условите за осигурување од провална кражба и разбојништво.

2. Склучените осигурувања по тарифна група Б имаат осигурително покритие по Условите за осигурување од пожар и некои други опасности и Условите за осигурување од провална кражба и разбојништво.

## УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ОД ПОЖАР И НЕКОИ ДРУГИ ОПАСНОСТИ

1) пожар и удар од гром;
2) експлозија, освен експлозија на нуклеарна енергија, доколку не е договорено поинаку;
3) излевање на вода од водоводна и канализациска инсталација;
4) луња и град;
5) удар со сопствено моторно возило и сопствена подвижна работна машина во осигурените градежни објекти;
6) паѓање на воздушни летала;
7) манифестација и демонстрација;

Дополнителни опасности:
8) поплава и порој;
9) лизгање и одронување на земјиште;
10) слегнување на почвата;
11) снежна лавина.

## УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ МАШИНИ ОД КРШЕЊЕ И ОД НЕКОИ ДРУГИ ОПАСНОСТИ

(1) Со осигурувањето се дава осигурителна заштита од оштетување или уништување на осигурените предмети од незгода во погонот, под која се подразбираат настани што се случуваат непредвидено и одненадеж во врска со користење на осигурените предмети како и неспретност, невнимание или зла намера на работници или кое било друго лице, освен:

1. од пожар и од некои други опасности;
2. провална кражба и разбојништво;
3. штетно дејство на нуклеарна енергија, ерупции, освен истражни ерупции, доколку тоа посебно се договори;
4. поради недостатоци или грешки што постоеле во моментот на склучувањето на осигурувањето, а овие недостатоци или грешки биле или морале да му бидат познати на осигуреникот;
5. непосредни последици на трајни хемиски, термички механички, атмосферски и др. влијанија и услови за сместување и работа (оксидација, стареење, корозија, зрачење, прекумерни вибрации и сл.);
6. преоптовареност на машините, машинските и електричните уреди, апарати и инсталации преку границите на нивните проектни параметри;
7. ставање во погон пред конечната поправка;
8. монтирање и пробно испитување на новите предмети;
9. повреда на техничките и други прописи и упатства за техничка експлоатација на осигурените предмети, како и заштитни мерки;
10. штети настанати на надворешните носачи на податоци.

## УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ОД ПРОВАЛНА КРАЖБА И РАЗБОЈНИШТВО

1) Провална кражба
2) разбојништво

## ПРЕДМЕТ НА ОСИГУРУВАЊЕ

### Член 1

(1) Предмет на осигурување, од опасностите наведени во членовите 2, 15 и 17 од овие услови, можат да бидат сите електронски сметачи, печатари, процесни сметачи и слични електронски уреди што се сопственост на осигуреникот и на лицата што со него живеат во заедничко домаќинство, освен оние што со овие услови се исклучени од осигурувањето.

(2) Осигурени се само оние предмети што се означени во полисата, ако во полисата предметите не се поединечно наведени, туку како група, се смета дека се осигурени сите предмети што се наоѓаат во местото на осигурувањето, а ѝ припаѓаат на осигурената група, како оние што постоеле во моментот на склучување на осигурувањето, така и оние што дополнително се внесуваат во таа група.

## УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ОД ПОЖАР И НЕКОИ ДРУГИ ОПАСНОСТИ

## ОСИГУРЕНИ ОПАСНОСТИ (РИЗИЦИ)

### Член 2

(1) Осигурувањето по овие услови дава осигурителна заштита од следните ризици (основни ризици):

1) пожар и удар од гром;

2) експлозија, освен експлозија на нуклеарна енергија, доколку поинаку не е договорено;

3) излевање на вода од водоводна и канализациска инсталација;

4) луња;

5) удар со сопствено моторно возило и сопствена подвижна работна машина во осигурените градежни објекти;

6) паѓање на воздушни летала;

7) манифестација и демонстрација.

(2) Ако посебно се договори и плати дополнителна премија, осигурителната заштита се проширува на една или на повеќе дополнителни опасности, според тоа како ќе се договори, и тоа:

8) поплава, порој и високи води;

9) лизгање и одронување на земјиште;

10) слегнување на почвата;

11) снежна лавина;

(3) Со осигурувањето, кога ќе настане осигурен случај, се покриени:

1) штети од уништување или оштетување на осигурените средства предизвикани при спасување (уривање, изнесување, укажување помош и слично) поради настанатиот осигурен случај;

2) штети поради исчезнување на осигурените средства при настанување осигурен случај;

3) трошоците направени за расчистување и уривање во врска со настанатиот осигурен случај на осигурените средства;

4) трошоците што осигуреникот ги направил кога настанал осигурениот случај на осигурените средства за преземените мерки заради отстранување и намалување на штетата во висина одредена според член 24 од овие услови.

(4) Осигурителот има обврска да исплати надоместок само во случај на непосредна штета до која дошло поради: загуба на закупнина, загуба предизвикана

со прекин на работа, намалена можност за употреба и поради други слични загуби поради настанатиот осигурен случај.

## ОБЕМ НА ОПАСНОСТИТЕ ОД ПОЖАР И УДАР ОД ГРОМ

### Член 3

(1) Под пожар, во смисла на овие услови, се смета оган појавен надвор од определено огниште или оган што го напуштил ова место и е способен понатаму да се развива со својата сопствена сила.

(2) Не се смета дека настапил пожар и осигурителот нема обврска да плати надоместок ако осигурените средства се уништени и оштетени:

1) поради изложување на оган или топлина заради обработка или за други цели (на пример во индустриска преработка при пеглање, сушење, пржење, печење и сл.) или поради паѓање или фрлање во огниште (печка, шпорет и сл.);

2) со осмадување (подгорување), опрлување или прегорување од цигари, пури, справи за осветлување, жар и сл.

3) поради вриење или затоплување, варење, чадење и сл.

(3) Осигурувањето од удар од гром, во смисла на овие услови, покрива штети што громот ги предизвикал на осигурените предмети со дејство на силата или топлината, како и штети од удар на предмети соборени од громот.

## ОБЕМ НА ОПАСНОСТИ ОД ИЗЛЕВАЊЕ НА ВОДА ОД ВОДОВОДНА И КАНАЛИЗАЦИСКА ИНСТАЛАЦИЈА

### Член 4

(1) Излевање на вода, во смисла на овие услови, се смета:

1) неочекувано излевање на вода од водоводни и одводни (канализациски) инсталации, како и од уреди за греење со топла вода и парно греење и други уреди и апарати што се приклучени на водоводната мрежа, поради оштетување (кршење, прскање или откажување на уредите за управување и сигурност) на тие уреди и апарати.

Под инсталација на соодветниот објект се смета сè до приклучокот на надворешната мрежа (пример: шахта, хидрофор, потстаница за топла вода).

2) неочекувано избивање на пареа од уредите за топла вода или за парно греење.

(2) Осигуреникот е должен да се грижи за одржување на водоводната и одводната канализациска мрежа, на уредите за греење со топла вода и за парното греење, како и за нивната заштита од мраз.

(3) Со осигурувањето не се опфатени штети:

1) од излевање вода од отворени славини, како и од водоводни (канализациски цевки), ако штетата настанала поради затнување на цевките;

2) поради дотраеност, истрошеност и корозија во просториите на осигуреникот, кои се достапни на контролата на осигуреникот;

3) од габички поради влага;

4) настанати како последица на повреда на должноста на осигуреникот од ставот (2) од овој член;

5) од излевање вода од надворешна инсталација (улична и сл.);

6) од слегнување на земјиште како последица на излевање вода од водоводни и канализациски цевки;

7) поради смрзнување на инсталациите и уредите што се под контрола на осигуреникот.

## ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД ЕКСПЛОЗИЈА

### Член 5

(1) Под експлозија, во смисла на овие услови, со исклучок на експлозија од нуклеарна енергија, доколку поинаку не се договори, се смета ненадејно појавување сила, засновање на стремежот на пареа или гасови за проширување.

Експлозија на садови под притисок (казани, цевки и сл.) постои само тогаш кога ѕидовите на садот во толкава мера се искинати што се јавува моментно израмнување на внатрешниот и надворешниот притисок.

(2) Со осигурувањето не се опфатени:

1) штети на предметите на осигуреникот предизвикани од минирања што се вршат во рамките на неговата дејност или во рамките на дозволената дејност на трети лица;

2) штети од експлозија што се нормална појава во процесот на производството;

3) штети од експлозивно издувување од печка и слични направи;

4) штети од експлозија од биолошки карактер;

5) штети поради пробивање звучен ѕид;

6) штети од воден удар, кои во тунели и цевководи под притисок се манифестираат како експлозија.

## ОБЕМ НА ОПАСНОСТА ОД ЛУЊА И ГРАД

### Член 6

(1) Под луња, во смисла на овие услови, се смета ветер со брзина од 17,2 метри во секунда, односно 62 км на час (јачина од 8 степени по Бофоровата скала) или повеќе.

Ќе се смета дека дувал ветер со оваа брзина во местото каде што се наоѓаат осигурените предмети, ако ветерот кршел гранки и стебла или оштетил редовно

одржуван градежен објект. Во случај на сомневање, осигуреникот мора да ја докаже брзината на ветерот со извештај на хидрометеоролошката служба.

(2) Штети од луња се опфатени со осигурување ако се предизвикани механички оштетувања на осигурените предмети:

1) со непосредно дејство од луњата;
2) со директен удар од соборените или од носените предмети од луњата;
3) нанесување на снег со ветер.
4) Со осигурувањето се опфатени штети од уништување, односно оштетување на осигурените предмети што ги предизвикува градот со својот удар. Опфатени се штети од навлегување на град и дожд само низ отвори настанати од паѓање на град или од дејство на луњата.

(3) Со осигурувањето од луња не се опфатени штети:
1) од навлегувањето на дожд, град или снег или други наноси низ отворен прозорец или други отвори што постојат на зградата.
2) штети од дожд и други врнежи од предмети сместени во слободен простор (во пластови, камери и сл.), во ритчиња, под настрешници и други отворени згради;
3) над со пропис предвидена тежина на снег.

## ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД УДАР НА СОПСТВЕНО МОТОРНО ВОЗИЛО И СОПСТВЕНА ПОДВИЖНА РАБОТНА МАШИНА

### Член 7

Со осигурување се опфатени и штети на осигурените предмети што ќе настанат како последица на уривање градежен објект или дел од објектот, предизвикано со удар на сопствено моторно возило.

## ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД ПАЃАЊЕ НА ЛЕТАЛО

### Член 8

(1) Под паѓање на воздушно летало, во смисла на овие услови, се смета паѓање на летало од кој било вид врз осигурените предмети.

(2) Се смета дека настапил осигурен случај паѓање на летало, ако со непосреден удар на леталото или од неговите делови, како и од предмети од леталото, се уништи или оштети осигурениот предмет.

## ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД МАНИФЕСТАЦИЈА И ДЕМОНСТРАЦИЈА

### Член 9

(1) Под манифестација и демонстрација, во смисла на овие услови, се смета организирано или спонтано јавно покажување нерасположение на група граѓани;

(2) Се смета дека настапил осигурен случај манифестација или демонстрација ако осигурениот предмет е уништен, на кој било начин на делување на манифестантите, односно демонстрантите (уривање, демолирање, кршење, палење и др.).

## ОБЕМ НА ОПАСНОСТА ОД ПОПЛАВА, ПОРОЈ И ВИСОКА ВОДА

### Член 10

(1) Под поплава, во смисла на овие услови, се смета стихиско неочекувано плавење на терен од постојани води (реки, езера и др.) заради тоа што водата се излила од коритото или го провалила одбранбениот насип или браната, излевање на вода поради брановите на езера со необична јачина и од надоаѓање вода од вештачки езера.

Поплава се смета и неочекувано плавење на терен поради нагло образување големо количество водена маса, која настанала како последица на провала на облак (пороен дожд).

Под порој се смета стихиско неочекувано плавење на терен со водна маса што се образува на низбрдни терени поради силни атмосферски врнежи и се слива низ улици на патишта.

Со осигурувањето од поплава се опфатени само штети предизвикани на осигурени предмети за време додека поплавата трае и непосредно по повлекување на водата.

(2) Со осигурувањето не се опфатени:

1) штети од габички поради влага;

2) штети од слегнување на теренот како последица на поплава и порои;

Под висока вода, во смисла на овие услови, се смета:

а) исклучителна појава на невообичаен пораст на водостојот;

б) подземна вода како последица од висока вода.

Обврската на осигурителот за штети од висока вода и подземна вода како нејзина последица почнува со порастот на високата вода над однапред утврдените месечни коти на водостојот или протекот измерен спрема најблискиот поставен покажувач на водостојот.

За секој одделен месец нормален е оној највисок месечен водостој за последните 20 години што го покажува покажувачот на водостојот најблизок до осигурените предмети, со исклучок на особено високите водостои.

## ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД ЛИЗГАЊЕ И ОДРОНУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО

### Член 11

(1) Под лизгање на земјиштето, во смисла на овие услови, се сметаат ненадејни движења на земјишната површина на коси терени со јасни манифестации на расцепување на површината на земјиштето и срозување кои, со појава на силни деформации и пукнатини на градежните објекти, настануваат во краток временски период.

(2) Под одронување, во смисла на овие услови, се смета откинување и паѓање на материјалот како геолошка појава, или во врска со лизгањето на теренот.

(3) Се смета дека настапил осигурениот случај доколку деформациите, оштетувањата или уништувањата на осигурениот предмет настанале поради движење на земјиштето, притисок или удар на земјишниот материјал.

(4) Со осигурувањето не се опфатени штетите:

1) на осигурениот предмет кои настанале пред или во моментот на склучување на осигурувањето;

2) на осигурениот предмет доколку лизгањето на земјиштето или одронувањето се предизвикани со дејност на осигуреникот или со дејноста на кое било лице.

## ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД СЛЕГНУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕ

### Член 12

(1) Под слегнување на земјиште, во смисла на овие услови, се смета ненадејно вертикално движење на земјината почва - улегнување како геолошка и хидролошка појава.

(2) Со осигурувањето по овие услови се опфатени штети од уништување и/или конструктивно уништување на осигурениот предмет, без кои предметот не може да се стави во предвидената функција и/или безбедно да се користи.

(3) Со осигурување по овие услови не се покриени штети на осигурените предмети кај кои не настанало оштетување во смисла на став (1) и (2) од овој член:

1) слегнување заради грешка во статичка пресметка;

2) промена на естетскиот изглед на осигурениот предмет;

3) испитување и пуштање во работа на машини и уреди кај кои не настанало оштетување на виталните делови.

## ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД СНЕЖНА ЛАВИНА

### Член 13

(1) Под снежна лавина, во смисла на овие услови, се смета снежна маса во движење која се откинала од планинските страни.

(2) Со осигурувањето се опфатени штети предизвикани од непосредното дејство на снежната лавина, како и дејството на воздушниот притисок од снежната лавина.

## МЕСТО НА ОСИГУРУВАЊЕ

### Член 14

(1) Осигурувањето важи за времето додека осигурените предмети се наоѓаат на местото означено во полисата.

(2) Осигурувањето е во важност и тогаш кога сите осигурени предмети ќе се пренесат од местото што е означено во полисата на некое друго во рамките на осигурениковото седиште, односно место на живеење на територијата на Република Македонија.

(3) Ако осигурениот предмет, според природата на употребата, се преместува од едно на друго место, тоа треба да се наведе во полисата. Доколку не може точно да се означат одделните места на осигурувањето, осигурувањето е ограничено на територијата на Република Македонија.

(4) Осигурувањето не важи за времето додека осигурените предмети се наоѓаат на изложба, панаѓур или саем, доколку поинаку не се договори.

## УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ МАШИНИ ОД КРШЕЊЕ И ОД НЕКОИ ДРУГИ ОПАСНОСТИ

## ОСИГУРЕНИ ОПАСНОСТИ (РИЗИЦИ)

### Член 15

(1) Со осигурувањето се дава осигурителна заштита од оштетување или уништување на осигурените предмети од незгода во погонот, под која се подразбираат настани што се случуваат непредвидено и одненадеж во врска со користење на осигурените предмети како и неспретност, невнимание или зла намера на работници или на кое било друго лице, освен:

1) од основни и дополнителни ризици што се опфатени со условите за осигурување од опасност од пожар и од некои други опасности;

2) провална кражба и разбојништво;

3) штетно дејство на нуклеарна енергија, ерупции, освен истражни ерупции, доколку тие посебно се договорени;

4) поради недостатоци или грешки што постоеле во моментот на склучувањето на осигурувањето, а овие недостатоци или грешки биле или морале да му бидат познати на осигуреникот;

5) непосредни последици на трајни хемиски, термички, механички, атмосферски и други влијанија и услови за сместување и работа (оксидации, староење, корозија, зрачење, прекумерни вибрации и сл.);

6) преоптовареност на машините, машинските и електричните уреди, апарати и инсталации преку границите на нивните проектни параметри;

7) ставање во погон пред конечната поправка;

8) монтирање и пробно испитување на новите предмети;

9) повреда на техничките и други прописи и упатства за техничка експлоатација на осигурените предмети, како и заштитни мерки;

10) штети настанати на надворешните носачи на податоци.

(2) Осигурителот исто така не е во обврска:

1) за посредни штетни настани во врска со осигурениот случај: загуба на заработувачка, денгуби, казни и сл.;

2) за штети за кои по законските прописи или по договорот одговара производителот, односно испорачателот на предметите. Ако производителот односно испорачателот ја оспорува одговорноста, а штетата е предизвикана со незгода во погонот, осигурителот ќе му исплати надоместок на договарачот на осигурувањето, а потоа до износот на исплатениот надоместок ќе стапи во сите права на осигуреникот спрема производителот, односно испорачателот.

(3) За трошоците за демонтирање и ремонтирање, кои се направени со цел за редовен преглед или одржување на осигурените предмети (периодични поправки, замени на истрошените делови), па и кога во тој случај ќе се утврди оштетување на осигурениот предмет од осигуреникот, ризик на осигурената опасност.

Надоместокот во овој случај ќе ги опфати само трошоците за поправка или замена на оштетените делови, кои не биле предвидени за периодична поправка односно замена.

Осигурителот е во обврска да дава осигурителна заштита од опасностите од став (1) од овој член и на осигуреното куќиште или на осигурените машини само ако нивното оштетување е последица од оштетување или уништување на машината од опасностите покриени со овие услови.

## МЕСТО НА ОСИГУРУВАЊЕ

### Член 16

(1) Предметите што се предмет на осигурување се осигурени на местото означено во полисата и за време:

1) кога се монтирани и готови за работа;

2) кога се наоѓаат во работа;

3) кога се дадени под наем или на услуга, доколку работат во услови и служат на намената за која се проектирани и градени;

4) кога се демонтираат и ремонтираат поради преместување или поправки, како и за времетраење на поправката на местото на користење на осигурените предмети или во работилници на осигуреникот, под услов преместувањето или поправката да ги извршуваат работници овластени за тој вид работа.

2) Предметите се осигурени и кога во целост се преместени на друго место на подрачјето на Републиката.

3) Ако осигурениот предмет, според природата на употребата, се преместува од едно на друго место, тоа треба да се наведе во полисата. Доколку не може точно да се означат одделните места на осигурувањето, осигурувањето е ограничено на територијата на Република Македонија.

4) Осигурувањето не важи за времето додека осигурените предмети се наоѓаат на изложби, панаѓури или саем, доколку не се договори поинаку.

## УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ОД ОПАСНОСТ ОД ПРОВАЛНА КРАЖБА И РАЗБОЈНИШТВО

## ОСИГУРЕНИ ОПАСНОСТИ (РИЗИЦИ)

### Член 17

(1) Со осигурување по овие услови се дава осигурителна заштита од ризикот извршување или обид на провална кражба и разбојништво.

(2) Со осигурувањето се покриени штети од однесување, уништување или оштетување на осигурените предмети, како и штети предизвикани со оштетување на градежните делови на простории, инсталации и опрема, во кои се наоѓаат осигурените предмети при извршување или обид на провална кражба, односно разбојништво на начин како што е опишано во член 24.

(3) Со осигурувањето не се покриени штети од провална кражба односно разбојништво кај осигурување на граѓаните:

1) извршени од членовите на семејството кои живеат во заедничко домаќинство со осигуреникот, и

2) извршени со учество на некои од членовите на семејството со кои живеат во заедничко домаќинство со осигуреникот како наговорувач или помагач.

За припадници се сметаат и лицата што во просториите каде што се наоѓале однесените или оштетените предмети живеат, работат или се примени на ноќевање.

(6) Со осигурувањето не се покриени ниту штетите:

1) од измама;

2) од обична кражба;

3) поради посредни загуби предизвикани од настанување на осигурениот случај (загуба на заработка, денгуба и слично);

4) од кусокот утврден со пописот (инвентарисување), па ни тогаш кога кусокот ќе се установи пред пописот што е извршен по осигурениот случај.

## ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД ПРОВАЛНА КРАЖБА

### Член 18

(1) Провална кражба во смисла на овие услови се смета кражба ако нејзиниот извршител:

1) Провали во простории, во кои се наоѓаат осигурените предмети (место на осигурувањето) со кршење врати и прозорци или со провалување тавани, ѕидови и подови;

2) го отвори местото на осигурување со лажен клуч или некое друго средство што не е наменето за редовно отварање, а притоа да е оставена трага, врз основа на која може со сигурност да се утврди провала во смисла на кривично правен доказ;

3) провали во заклучено сместувалиште во местото на осигурувањето, во кое се наоѓаат осигурените предмети, ако до сместувалиштето дошло на еден од начините што по одредбите од овој член се оквалификувани како провална кражба;

4) го отвори местото на осигурувањето или сместувалиштето со вистински клучеви или со нивни дупликати, доколку до клучевите дошол со едно од дејствата наведени во точката 1, 2, 3 и 5 од овој став или со разбојништво или со измама на малолетен член од домаќинството;

5) влезе во местото на осигурувањето преку отвор што не е за тоа определен, совладувајќи пречки што оневозможуваат влегување.

Скокање преку отворен прозорец во ниско приземје (до висина од 2,50м од долниот раб на прозорецот) не се смета за провална кражба;

2) Од ризикот провална кражба предметите се осигурени само за време додека се наоѓаат во затворени и заклучени простории, односно во заклучени сместувалишта наведени во полисата.

## ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД РАЗБОЈНИШТВО

### Член 19

(1) Разбојништво во смисла на овие услови се смета одземање на осигурените предмети со примена на сила (загрозување со опасност по живот и здравјето) против осигуреникот или неговите припадници или застрашување дека непосредно ќе се нападне на животот или на телото на овие лица.

(2) Се смета дека постои употреба на сила и тогаш кога се употребени средства за оневозможување отпор.

## МЕСТО НА ОСИГУРУВАЊЕ

### Член 20

(1) Предметите се осигурени од опасност од провална кражба и разбојништво додека се наоѓаат во просториите односно во сместувалиштето означено во полисата (место на осигурувањето).

Ако одделни предмети привремено се оддалечени, но најмногу 30 дена за потреба од користење на осигуреникот, осигурувањето важи и на друго место, согласно со член 18 став 2.

(2) Осигурувањето е во важност и тогаш кога сите осигурени предмети се пренесени од местото означено во полисата на некое друго место во рамките на седиштето на осигуреникот, односно на местото на живеење на територијата на Република Македонија.

Осигуреникот е должен за преселувањето на осигурените предмети веднаш, а најдоцна во рок од 15 дена, да го извести осигурителот. По наведениот рок осигурувањето престанува да важи.

## ПРОНАЈДЕНИ УКРАДЕНИ ПРЕДМЕТИ

### Член 21

(1) Ако осигуреникот на кој и да е начин разбере каде се наоѓаат украдените предмети, должен е да ги преземе сите потребни мерки, особено преку надлежните органи, да се утврди идентичноста на овие предмети и да му се вратат што побргу. Исто така е должен за своето сознание, преземените мерки и резултатите од нив, да го извести осигурителот во најкус рок.

(2) Ако на осигуреникот не му е исплатен надоместок, а не минал срокот за исплата на надоместокот за пронајдените предмети од членот 26 од Општите услови за осигурување имоти, осигуреникот е должен да ги прими назад пронајдените предмети.

Ако вратените предмети се оштетени, осигуреникот има право на надоместок според членот 23 од овие услови.

(3) Ако украдените предмети се пронајдени по исплатата на надоместокот од осигурувањето или по истекот на срокот за исплата, осигуреникот може да ги задржи за себе, но е должен на осигурителот да му го врати примениот надоместок за неоштетените предмети со одбивање на неопходните трошоци за преземањето, кои не можат да го надминат износот на исплатениот надоместок, а оштетените предмети може да ги задржи по цена спогодбено утврдена со осигурителот и да му врати соодветен дел од примениот надоместок. Доколку осигуреникот не сака да ги задржи овие предмети, тие преминуваат во сопственост на осигурителот.

## ОПШТ ДЕЛ

## ВРЕДНОСТА НА ОСИГУРЕНИТЕ СРЕДСТВА

### Член 22

Вредноста на осигурените средства, доколку не се договори поинаку, е набавната цена на нови исти такви средства.

## УТВРДУВАЊЕ НАДОМЕСТОК ОД ОСИГУРУВАЊЕТО

### Член 23

(1) Висината на надоместокот од осигурувањето се утврдува:

1) во случај на уништување или исчезнување на предметите според вредноста на осигурените средства (член 22), во време на настанување на осигурениот случај, намалена за вредноста на остатоците и амортизацијата;

2) во случај на оштетување во висина на трошоците за поправка според цената на материјалите и работната рака во време на настанување на осигурениот случај, намалена за вредноста на остатоците на заменетиот дел.

И во обата случаи за штети настанати по осигурените ризици од опасности од провална кражба и разбојништво и од кршење машини и некои други опасности, односно членовите 15, 16, 17 и 18 од овие услови, осигуреникот учествува во секој штетен настан со најмалку 10%.

(2) Поголемите трошоци за поправки што настанале поради тоа што при поправката на оштетениот предмет се направени измени, подобрувања, надградби и сл., паѓаат на товар на осигуреникот.

(3) Осигурителот нема обврска да ги надомести сите осигурени предмети ако оштетениот, односно уништениот дел не може да се поправи или набави поради тоа што осигурениот предмет е набавен во странство или повеќе не се произведува.

Осигурителот има обврска само до вредноста на оштетениот, односно уништениот дел на осигурениот предмет, која се утврдува со процена и сразмерно учество на вредноста на оштетениот или уништениот дел на осигурениот предмет

во вредноста на целиот осигурен предмет или со споредување со истовидни, односно слични делови на оштетениот предмет.

(4) Ако сумата на осигурувањето е помала од вредноста на предметите во време на настанување на осигурениот случај (подосигурување), штетата ќе се надомести и сразмерно помеѓу сумата на осигурувањето и вредноста на осигурените предмети.

## НАДОМЕСТОК НА ТРОШОЦИТЕ

### Член 24

(1) На име трошоци направени за расчистување и уривање, во врска со настанатиот осигурен случај на осигурениот предмет, осигурителот ги надоместува нужните издатоци за расчистување и уривање, но доколку поинаку не се договори, најмногу до 3% од сумата на осигурување.

(2) Осигурителот ги надоместува нужните трошоци што договарачот на осигурувањето ги направил кога настанал осигурен случај на осигурениот предмет за преземени мерки поради отстранување и намалување на штетата, па и тогаш кога тие мерки не биле успешни, но доколку поинаку не се договори, најмногу до 5% од сумата на осигурувањата, односно на вистинската вредност на оштетените предмети кај осигурувањата на договорена вредност.

(3) Вкупниот надоместок на име трошоци од ставовите 1 и 2 од овој член и на име надоместок на осигурувањето (член 23) може да ја надмине сумата на осигурувањето, односно вистинската вредност на штетата.

Неопходните трошоци за отстранување и намалување на штетата, направени по налог на осигурителот, се надоместуваат и тогаш кога заедно со надоместокот од осигурувањето (член 23) ја надминуваат сумата на осигурувањето.

(4) Во случај на подосигурување, трошоците за расчистување, уривање, како и трошоците за отстранување и намалување на штетата се надоместуваат во ист сразмер како и надоместокот од членот 23, освен во случаите кога тие трошоци се направени по налог на осигурителот.

(5) Осигурителот нема обврска да ги надомести трошоците предизвикани поради отстранување на причината на штетата, како и трошоците за интервенција на противпожарните друштва или на други организации чија должност, според карактерот на работењето, е бесплатно да даваат помош кога ќе настане осигурен случај.

## ВАЖНОСТА НА ОПШТИТЕ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ИМОТИ

### Член 25

Ако не се во спротивност со овие Услови на осигурување, по овие услови се применуваат и Општите услови за осигурување имоти.,

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 26**

Постапка по приговори

Во случај осигурителот и осигуреникот да не се согласат по однос на обемот и висината на штетата, осигуреникот има право на приговор во рок од осум дена од приемот на писменото известување од осигурителот до Второстепената комисија за решавање штети по приговор, што е должна во рок од 30 дена да одговори по приговорот.

**Член 27**

Постапка по жалба

Договарачот, односно осигуреникот во однос на работењето на Друштвото има право на жалба до Агенцијата за супервизија во осигурување како надлежен орган за супервизија на друштвата за осигурување.

**Член 28**

Решавање спорови

Евентуалните спорови што би произлегле од договорот за осигурување договорните страни ќе ги решаваат спогодбено, а доколку не дојде до спогодба, надлежен е стварно надлежниот суд според местото на склучување на договорот за осигурување.

**Претседател на Управен одбор**

**Марко Микиќ**

Акционерско Друштво за ... ГРАВЕ НЕЖИВОТ Скопје